РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Су.бр. 785/2017
20.09.2017 год.
ШТИП

Врз основа на чл. 38 ст. 3 Законот за судови,(Сл весник на РМ бр 58/06) и чл.13, чл.15 ст. 5 и чл. 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, (Сл.весник на РМ 150/10) а в.в. со Одлуката на Судскиот совет за утврдување на бројот на судии поротници во судовите во РМ, бр.02-2158/1 од 10.12.2015 год., Апелациониот суд во Штип на ден 20.09.2017 година објавува:

# О Г Л А С

## за избор на 40 судии – поротници во Апелационен суд Штип

**I.** Кандидатите за судии поротници треба да ги исполнуваат следните услови:

-да е полнолетен државјанин на Република Македонија
-да има завршено најмалку високо образование
-активно да го владее македонскиот јазик
-да не е постар од 64 години.
-да ужива углед за вршење на функцијата судија – поротник
-да поседува интегритет и социјални способности за вршење на функцијата судија – поротник и
- да е работоспособен и да има општа здравствена способност
- практична работа со компјутери

**II.** За судија поротник не може да биде избрано лице кое со судијата или судија поротник во истиот суд е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар, ниту лице кое со член на Судски совет на РМ е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

**III.** Заинтересираните кандидати да доставaт пријава со потребните документи (уверение за државјанство, извод од матичната книга на родени, уверение за завршено високо образование, потврда за познавање на работа со компјутери и лекарско уверение) во канцеларијата на Судскиот администратор, во рок од 15 дена од објавувањето на огласот.

**IV.** Кандидатите кои ги исполнуват условите ќе бидат упатени на психолошки тест и тест за интегритет, кои ќе ги спроведе Судски совет на РМ Скопје.

Трошоците за полагање ги поднесуваат кандидатите за судии-поротници

Апелационен суд Штип,
ВД Претседател,
Весна Димитриевска Накова